ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 11-49/1
01.02 2023 год.
ШТИП

ИСТОЧЕН РЕГИОН

СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
И: www.eastregion.mk

З А П И С Н И К
од VIII (Осма) Седница на Советот за развој на Источен плански регион одржана на ден 20.12.2022 година

На ден 20.12.2022 година, онлајн на виртуелната платформа ZOOM, се одржа осмата Седница на Советот за развој на Источен плански регион.

Од членовите на Советот отсутни беа градоначалникот на општина Берово и градоначалникот на општина Чешиново – Облешево.

Градоначалникот на општина Пробиштип се приклучи по гласањето за Записникот од претходната седница.

Градоначалникот на општина Зрновци го заменуваше Мирјана Манасиева член на Советот на општина Зрновци со овластување за замена.

Од Центарот за развој на Источен плански регион присуствуваа Г-ѓа Зујица Ангелова – директор на Центар за развој на Источен плански регион и вработените Катерина Коцева, Андреа Златковска и Александар Николов.

Присутни беа и претставници од општинската администрација на општините од регионот, како и надворешниот експерт Денис Жерновски.

Официјален записничар беше Г-ца Катерина Коцева.

Седницата започна во 12:36 часот и со неа претседаваше Претседателот - Г-дин Љупчо Папазов.

Претседателот констатира дека има доволен број на присутни членови на Советот (осум), за Советот за развој на Источен плански регион да може да работи и полноправно да одлучува и објасни дека седницата е закажана во пократок рок од 7 дена поради итноста на работите кои треба да се разгледуваат на седницата.

Претседателот ја прогласи за отворена осмата Седница на Советот за развој на Источен плански регион. Претседателот констатира дека Градоначалникот на општина Зрновци го заменува Мирјана Манасиева - член на Советот на општина Зрновци со овластување за замена.

Пред да се премине на дневниот ред, Претседателот отвори расправа по Записникот од VII (Седмата) Седница на Советот за развој на Источен плански регион одржана на ден 04.11.2022 година во општина Пробиштип. Праша дали некој има забелешки по Записникот и ќе се јави за збор. Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот го стави Записникот на усвојување. Праша кој е ,,ЗА". 7 членови на Советот гласаа „За". Праша дали има Против. Претседателот констатира дека нема Против.Праша дали има Воздржани. Претседателот констатира дека нема Воздржани Градоначалникот на општина Делчево не се изјасни по Записникот.

Претседателот констатира дека **Записникот од VII (Седмата) Седница на Советот за развој на Источен плански регион одржана на ден 04.11.2022 година е усвоен.**

Потоа Претседателот го предложи следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Презентација на концепт решенијата, како фаза четири од начинот на организирање и спроведување на регионални консултации – форуми за утврдување на Предлог – листа на проекти за развој на планските региони, за финансирање од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година;
2. Предлог – Одлука за преотстапување на изграден објект „Изградба на фекална канализација во с.Лесново, општина Пробиштип (фекална канализација крак 1 и крак 2 и Пречистителна станица)";
3. Предлог – Одлука за преотстапување на изграден објект „Осветлување на дел од магистрален пат А3 кој поминува низ Македонска Каменица";
4. Финансискиот план на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година со Предлог - Одлука;
5. Предлог – Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во стручната служба на Центар за развој на Источен плански регион за 2023 година;
6. Предлог – Согласност за склучување на Анекс на Договор за вработување на определено време / Известување за обезбедени финансиски средства;
7. Предлог – Годишен Акционен план за 2023 година за спроведување на спроведување на Програмата за развој на Источен плански регин 2021-2026;
8. Разно.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред и праша кој бара збор по предложениот дневен ред, дополна или измена.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот го стави на гласање дневниот ред. Праша кој е "ЗА". 6 членови на Советот гласаа ,,ЗА". Праша дали има Против. Претседателот констатира дека нема Против. Праша дали има Воздржани. Претседателот констатира дека нема Воздржани. Градоначалниците на општина Делчево, Карбинци и Пробиштип не се изјаснија по дневниот ред. Претседателот констатира дека **Дневниот ред е усвоен.**

I.Точка еден: Презентација на концепт решенијата, како фаза четири од начинот на организирање и спроведување на регионални консултации – форуми за утврдување на Предлог – листа на проекти за развој на планските региони, за финансирање од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година

Претседателот го повика надворешниот експерт Денис Жерновски, да ја образложи точката.

Г-дин Жерновски ја образложи точката преку Презентација која е прилог на овој Записник.

Г-дин Жерновски во врска со 6-от презентиран концепт „Изработка на физибилити студии и технички документации" објасни дека станува збор за резервен концепт и бројот на активностите кои би се реализирале од овој концепт, зависи од заштедените средства кои би останале од останатите концепти.

По презентацијата Претседателот праша дали некој ќе се јави за збор.

За збор се јави Градоначалникот на општина Штип, кој во врска со првиот презентиран концепт „Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во ИПР" кажа дека најверојатно се работи за некое недоразбирање, бидејќи општина Штип била информирана дека може да поднесе проекти за поставување на фотоволтаични системи со моќност до 40 KW, а од листата се заклучува дека општините можат да аплицираат со онолку проекти со колку што располагаат, па предлага да се ограничи бројот на два објекти по општина со моќност по 40 KW, што значи износ на средства од околу 3,5 милиони денари по општина, со цел да се обезбеди еднаков третман на општините. Повтори дека општина Штип била информирана дека треба да се достави проект само до 40 KW, па затоа е доставен само еден проект во износ од 1.800.000,00 денари, но тоа не значи дека општината нема други готови проекти кои би ги доставила. Повтори дека неговиот предлог за ограничување до некој максимален износ од околу 3,5 милиони денари по општина, со кој ќе се опфатат по 2 проекти со моќност од 40 KW, го дава од принципиелни причини за да се обезбеди рамноправност и за да и се даде можност на секоја општина да достави такви проекти.

Следната забелешка Градоначалникот на општина Штип ја даде во врска со презентираниот концепт „Збогатување на туристичката понуда во регионот" во кој концепт се предвидени и активности од чија реализација краен корисник би била општина Берово, а Градоначалникот на општина Берово веќе се изјаснил дека доколку добие средства за проект од Швајцарската агенција -СДЦ преку Грантовата шема, нема да аплицира за користење на средства од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година. Градоначалникот побара Советот да заземе став по овие два негови предлога.

Денис Жерновски објасни дека првичната идеја била да биде по 40 KW по општина, од аспект на тоа дека толку дозволува и Законот, освен ако нема соодветно претпријатие.

Претседателот исто така кажа дека за да се пласира вишот на производство над 40 KW треба да има соодветна фирма.

Жерновски кажа дека се работи за првични концепти кои не мора да останат вака како што се презентирани, може да се прилагодат, пример во однос на KW, а и во однос на втората забелешка која ја има Градоначалникот на општина Штип доколку имало таков договор помеѓу членовите на Советот.

Претседателот кажа дека во општина Кочани се работи само за еден објект со максимална моќност од 210 KW и заради најтешките моменти на справување со кризата на комуналното јавно претпријатие се предвидени овие 210 KW на пречистителната станица на вода за пиење. Општината е подготвена доколку недостасуваат одредени финансиски средства да кофинансира со цел реализација на овој проект, но заради постојната можност да се продаде поголема количина и заради реалната ситуација во која се наоѓа комуналното јавно претпријатие предлага да остане овој концепт за Кочани.

Градоначалникот на општина Штип побара доколку нема согласност да се ограничи на два објекти по 40 kW, тогаш на општина Штип да и се даде можност да достави дополнителни објекти и да го зголеми износот бидејќи вака има недоразбирање и на општината првично не и била дадена можност да достави повеќе проекти со поголема моќност. Претседателот праша дали произведената енергија општината ќе може да ја продава, на што

Градоначалникот на општина Штип одговори потврдно и дека имаат формирано соодветно претпријатие.

Претседателот пред да го стави на гласање предлогот на општина Штип да и се даде можност да предложи дополнителен проект за аплицирање, побара објаснување од Директорот на Центарот.

Г-ѓа Зујица Ангелова кажа дека целта на оваа расправа е освен Советот да се запознае со концептите, да даде и насоки за нивно подобрување. Точно е тоа што го кажа Градоначалникот на општина Штип дека првичната идеја била да се оди со еден објект по општина, но по теренската посета произлегол заклучокот дека има општина од регионот која се повлекла од овој проект бидејќи нема таква потреба, има општини кои немаат техничка документација и немаат услови да ја изработат во потребниот рок и заради тоа во овој концепт е сумирано се она што е расположливо на терен, со исклучок на општина Македонска Камница за која буџетот за поставување на овие панели се уште не е готов. Доколку членовите на советот се согласат да се достави дополнително по уште еден објект, ќе се направи повторно табелата за коцепти, бидејќи се работи за концепти кои се жива материја, можат да се ажурираат и на наредната форумска сесија концептот ќе биде презентиран каков таков и во втората недела од јануари кога ќе има седница на совет, предлогот корегиран ќе биде ставен на разгледување и на гласање на советот.

Градоначалникот на општина Штип кажа дека неговиот предлог е општините кои ќе аплицираат со проекти за фотоволтаични системи на јавни објекти да се лимитираат до 3,5 милиони денари, поради ограниченият буџет. Ако се остави можност до следната недела да се достават други проекти финансиската рамка за овој проект значително ќе се зголеми, и општини кои немаат доставено ваков проект ќе достават дополнително, а буџетот за оваа Програма е ограничен.

Претседателот сумираше дека едната варијанта е да се даде можност на општините да достават дополнителни проекти за фотоволтаични системи и да се види за кој буџет се работи и дали се подготвени да изработат проекти, а втората можност е дискутираното ограничување од 3,5 милиони денари. Праша дали Македонска Каменица останува на предлогот за 160 KW ако нема можност да го пласира вишокот на произведена електрична енергија од фотоволтаици или пак да се остане на овие концепти со резерва само за фотоволтаиците и за проектот на Берово во 5-от презентиран концепт бидејќи градоначалникот на Берово е отсутен и не може да се изјасни.

Градоначалникот на општина Штип се изјасни дека може така да се постапи, а градоначалникот на општина Македонска Каменица се изјасни дека општина Македонска Камница останува при својот предлог за фотоволтаиците.

Г-ца Андреа Златковска кажа дека врз основа на добиената информација од општина Македонска Каменица, кај оваа општина станува збор за 4 објекти по 40 KW, а не се работи за еден објект од 160 kW, која констатација ја потврди и Градоначалникот на општина Македонска Каменица.

Градоначалникот на општина Штип се надоврза на дискусијата за проектот за фотоволтаични системи и побара од членовите на Советот да бидат рационални, без натпревар кој ќе поднесе повеќе проекти во поголем износ, туку предложи реално и рамномерно да се распредели износот од Програмата по општините со цел да се изготви рационално решение кое ќе ги опфати сите општини. Кажа доколку се остави можност дополнително да се поднесат уште 4 проекти до 40 KW, ќе бидат поднесени такви проекти од општината, но износот

ќе биде многу поголем, а такви средства нема. Значи општините можат да се натпреваруваат кој повеќе проекти ќе поднесе, но на крај ќе недостасуваат средства за реализација на овие проекти. Затоа предлага да се заземе принципелен став секоја општина по колку ја следува за инсталирање на фотоволтаични системи и тие општини кои имаат готови проекти да ги достават до тој износ, бидејќи ако се остави можност која општина колку сака и колку има вакви проекти да поднесе, финансиската рамка ќе излезе надвор од контрола.

Градоначалникот на општина Пробиштип кажа дека се согласува со ставот на Градоначалникот на општина Штип, особено ако се има во предвид временската рамка за овој процес и тој смета дека треба да се подели буџетот за да влезат што е можно повеќе општини.

Претседателот кажа дека за да се подели буџетот треба да се направи координација и да се остави можност да се поднесат повеќе предлози за фотоволтаици.

Г-ѓа Ангелова кажа дека при теренската посета кога се дискутирал прегледот со Градоначалниците и вработените во општините, е утврдено дека ова се 5-те општини кои реално сакаат да влезат во овој проект, пример не дека општина Зрновци не сакала, но нема услови да ја изведе постапката, општина Берово има проблем со објектот кој и е приоритет, општина Делчево се изјасни дека приоритет им е регулација на река Брегалница, општина Пробиштип се изјасни дека ова го има решено на друг начин и дека не сака да биде дел од овој концепт, туку општината влегува во 3-от презентиран концепт.

Претседателот кажа дека стравува да не се влезе во преседан, па и за сите останати проекти да се бара пропорционалност во делот на финансиското учество. Праша дали ова прашање да се остави дополнително да се разгледува или да се премине на гласање, на што градоначалникот на општина Штип кажа дека е прашање дали има време да се остави прашањето на дополнително разгледување, па го побара размислувањето на Директорката на Центарот за ова.

Директорката одговори дека се чекаат насоки од Советот за да се дефинираат работите, за да може да се организира втората форумска сесија на која што сето она што денес ќе се одлучи ќе се испрезентира. Овие концепти во развиени предлог апликации во БРР треба да се поднесат не подоцна од 31-ви јануари или 30 дена откако ќе го добиеме циркулар писмото со Буџетот кој треба да го планираме. Во интерес на втората форумска сесија, која треба да се заврши до крајот на оваа година, подобро е овие прашања да ги разграничиме на оваа седница.

Г-ца Коцева кажа дека во Правилникот за начинот на организирање на регионалните форуми, целта на оваа точка од дневен ред е по презентацијата на концепт решенијата од страна на надворешниот експерт Денис Жерновски, Советот да даде мислања и препораки на она што беше презентирано од Денис, или пак да се одлучи да се додаде нов концепт или да се одбие одреден коцепт во случај да нема регионачно значање или пак да останат презентираните концепти такви какви што се. Бидејќи сега се дискутира за фотоволтаичните системи тоа ќе се реши со тоа што ќе се одлучи дали овој концепт ќе се измени на одреден начин или ќе се подобри или ќе остане вака како што е презентиран за да продолжи вака на втората форумска сесија. Целта е на оваа седница да се прознесе Советот доколку има забелешки по концептите.

Градоначалникот на општина Штип праша дали може сега да се гласа да помине сега вака предложената листа на концепт решенија, со тоа што за 1-от и 5-от презентиран концепт, бидејќи градоначалникот на општина Берово не е вклучен, дополнително да се прецизираат износите.

Г-ѓа Ангелова кажа дека во овој момент буџетот и не е толку значаен колку што е одобрувањето на концептите од Советот. Буџетот ќе се коментира секако на наредната седница и секој градоначалник ќе се изјасни за кофинансирањето според можностите, до тогаш ќе се готови и финалните предмер – пресметки од кои неколку во овој момент недостасуваат, се работи на документациите. Не се дискутира за буџетот туку за концептот во целина.

Градоначалникот на општина Штип замоли, бидејќи има неодложна обврска и за 5 минути ќе мора да ја искучи камерата и тонот, дали може сега да се гласа.

Претседателот сумираше и предложи сега да се гласаат концептите вака како што се презентирани, а потоа да се зборува за буџетот и за распределбата на средствата, со што се согласи и Градоначалникот на општина Штип. Претседателот го стави предлогот на гласање. Праша кој е "ЗА". 9 членови на Советот гласаа ,,ЗА". Праша дали има Против. Претседателот констатира дека нема Против. Праша дали има Воздржани. Претседателот констатира дека нема Воздржани. Претседателот констатира дека првата точка на дневен ред е усвоена. Се донесе следната:

Одлука
За прифаќање на презентирани концепт решенија

член 1

Концептните решенија презентирани од надворешниот експерт Денис Жерновски пред Советот за развој на Источен плански регион, како дел од процесот на спроведување на регионални форуми за утврдување на Предлог – листа на проекти за развој на планските региони, за финансирање од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година, Советот за развој на Источен плански регион ги прифаќа да продолжат во следната фаза од процесот на спроведување на регионални консултации – форуми.

член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

II.Точка два: Предлог – Одлука за преотстапување на изграден објект „Изградба на фекална канализација во с.Лесново, општина Пробиштип (фекална канализација крак 1 и крак 2 и Пречистителна станица)"

Претседателот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред. Ја повика Г-ѓа Зујица Ангелова да даде свое воведно излагање.

Г-ѓа Зујица Ангелова објасни дека проектот е финансиран од Програмата за РРР 2021/2022 година и дека општина Пробиштип е краен корисник. Накратко објасни за кои активности станува збор и колкава вкупна вредност е реализирана.

Претседателот праша дали има Записник за примопредавањето на објектот или спорни моменти, на што Директорката одговори дека има Записник за примопредавање и нема спорни моменти.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот Предлог – Одлуката ја стави на гласање. Праша кој е "ЗА". 8 членови на Советот гласаа ,,ЗА". Праша дали има Против. Претседателот констатира дека нема Против. Праша дали има Воздржани. Претседателот констатира дека нема Воздржани. Претседателот констатира дека Предлог – Одлуката е усвоена. Се донесе следната:

ОДЛУКА

за преотстапување на изграден објект „Изградба на фекална канализација во с.Лесново, општина Пробиштип (фекална канализација крак 1 и крак 2 и Пречистителна станица)"

член 1

Со оваа Одлука објектот „Изградба на фекална канализација во с.Лесново, општина Пробиштип (фекална канализација крак 1 и крак 2 и Пречистителна станица)", кој се реализира во рамките на Проектот "Подобрување на инфраструктурата за развој на туризмот – локален пат во Берово и доуредување на локалитет Лесново", изграден согласно Договор за јавна набавка на работи арх. заверен кај Центар за развој на Источен плански регион со дел.бр.05-85/2 од 09.03.2022 година и Договор за изменување на основниот Договорот за јавна набавка арх. заверен кај Центар за развој на Источен плански регион со дел.бр.05-85/3 од 06.10.2022 година, склучени помеѓу Центар за развој на Источен плански регион како нарачател и Друштво за производство, трговија, услуги и др. КИМИ - ИБРА увоз – извоз Лутвиу Али и др. ЈТД Кичево како изведувач, со вкупна вредност на изведените работи согласно исплатната документација во износ од 3.119.866,00 денари со вклучен ДДВ, се предава и преотстапува во сопственост, владение и трајно користење на општина Пробиштип.

Член 2

Од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука, трошоците за чување, користење, управување и одржување објектот се на товар на Општина Пробиштип.

член 3

Записникот за примопредавање бр.03-431/1 од 30.11.2022 година е составен дел на оваа Одлука.

член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

III.Точка три: Предлог – Одлука за преотстапување на изграден објект „Осветлување на дел од магистрален пат А3 кој поминува низ Македонска Каменица"

Претседателот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред. Ја повика Г-ѓа Зујица Ангелова да ја образложи точката.

Г-ѓа Зујица Ангелова објасни дека проектот е финансиран од Програмата за РРР 2021/2022 година и дека општина Македонска Каменица е краен корисник. Накратко објасни за кои активности станува збор и колкава вкупна вредност е реализирана.

Претседателот праша дали некој ќе се јави за збор. Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот Предлог – Одлуката ја стави на гласање. Праша кој е "ЗА". 8 членови на Советот гласаа ,,ЗА". Праша дали има Против. Претседателот констатира дека нема Против. Праша дали има Воздржани. Претседателот констатира дека нема Воздржани. Претседателот констатира дека Предлог –Одлуката е усвоена. Се донесе следната:

ОДЛУКА
за преотстапување на изграден објект „Осветлување на дел од магистрален пат А3 кој поминува низ Македонска Каменица"

член 1

Со оваа Одлука објектот „Осветлување на дел од магистрален пат А3 кој поминува низ Македонска Каменица", изграден согласно: Договор за јавна набавка на работи арх. заверен кај Центар за развој на Источен плански регион со дел.бр.05-256/5 од 13.07.2022 година, Анекс бр.1 кон основниот договор за јавна набавка на работи арх. заверен кај Центар за развој на Источен плански регион со дел.бр.05-256/6 од 11.11.2022 година и Анекс бр.2 кон основниот договор за јавна набавка на работи арх. заверен кај Центар за развој на Источен плански регион со дел.бр.05-256/7 од 24.11.2022 година, склучени помеѓу Центар за развој на Источен плански регион како нарачател и Друштво за трговија, производство и услуги Елмонд Електро ДОО експорт импорт Скопје како изведувач, со вкупна вредност на изведените работи согласно исплатната документација во износ од 6.313.007,98 денари со вклучен ДДВ, се предава и преотстапува во сопственост, владение и трајно користење на општина Македонска Каменица.

Член 2

Од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука, трошоците за чување, користење, управување и одржување објектот се на товар на Општина Македонска Каменица.

член 3

Записникот за примопредавање е составен дел на оваа Одлука.

член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

IV.Точка четири: Финансиски план на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година со Предлог - Одлука

Претседателот ја повика Г-ѓа Зујица Ангелова да ја образложи точката.

Г-ѓа Зујица Ангелова накратко го презентираше Финансиски план на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година кој е дел од материјалите за седницата. Напомена дека планот е изготвен заклучно со 09.12.2022 година, се работи за план кој е динамична работа и може да

подложи на промени. Кај приходите како заостанати обврски повторно е префрлена обврската на општина Чешиново –Облешево за првата фаза за канализацијата во с.Соколарци, планираните но недоспеани обврски на општина Виница за реконструкцијата на културниот дом „Тошо Арсов" итн. Во делот на дополнителни приходи е евидентирана и преостаната обврска во однос на проектот за Добра вода во износ од 1.013.391,00 денари, меѓутоа согласно насоките од АФПЗРР дека во март не очекува нов повик евидентиран е и приход во однос на мерка 321 на аплицирање. Ги презентираше и останатите планирани приходи и раходи. Напомена дека по усвојувањето, ФП ќе биде објавен и на веб страната на ЦРИПР.

Претседателот праша дали е водено сметка за тоа што последниот попис покажа намалување на бројот на жители кај сите општини, во делот на надоместот кој потоа ќе се бара, на што Директорката одговори потврдно и дека се работи за износ од минис 350.000,00 денари.

Претседателот отвори раправа по оваа точка од дневниот ред. Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот го стави на гласање Финансискиот план за 2023 година. Праша кој е "ЗА". 6 членови на Советот гласаа ,,ЗА". Праша дали има Против. Претседателот констатира дека нема Против. Праша дали има Воздржани. Претседателот констатира дека нема Воздржани. Останатите присутни не се изјасниј а. Претседателот констатира дека Финансиски план на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година е усвоен. Се донесе следната:

ОДЛУКА
за усвојување на Финансискиот план на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година

член 1

Се усвојува Финансискиот план на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година.

член 2

Финансискиот план на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година е составен дел на оваа Одлука.

член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

V.Точка пет: Предлог – Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во стручната служба на Центар за развој на Источен плански регион за 2023 година

Претседателот ја повика Г-ѓа Зујица Ангелова да ја образложи точката.

Г-ѓа Ангелова објасни дека во прилог на материјалите за седницата е одлуката со вредност на бодот од 86,86 денари за пресметување на бруто платите на вработените од јануари 2023 година.

Претседателот отвори раправа по оваа точка од дневниот ред. Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот Предлог – Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во стручната

служба на Центар за развој на Источен плански регион за 2023 година ја стави на гласање. Праша кој е "ЗА". 7 членови на Советот гласаа ,,ЗА". Праша дали има Против. Претседателот констатира дека нема Против. Праша дали има Воздржани. Претседателот констатира дека нема Воздржани. Останатите присутни не се изјасниј а. Претседателот констатира дека со 7 гласа „ЗА" се донесе следната:

ОДЛУКА
за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во стручната служба на Центар за развој на Источен плански регион за 2023 година

Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на бруто платите на вработените во стручната служба на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година изнесува 86,86 денари.

член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе започне да се применува со исплатата на платата за јануари 2023 година.

VI.Точка шест: Предлог – Согласност за склучување на Анекс на Договор за вработување на определено време / Известување за обезбедени финансиски средства

Претседателот ја повика Г-ѓа Зујица Ангелова да ја образложи точката.

Г-ѓа Ангелова го образложи Барањето согласност за склучување на Анекс на Договор за вработување на определено време / Известување за обезбедени финансиски средства, кое е дел од материјалите за седница на совет. Објасни дека Договорот за финансиска подршка на регионалниот бизнис - центар во рамки на Центарот за развој на Источен плански регион помеѓу Центарот за развој на Источен плански регион и Министерството за локална самоуправа е најавено дека ќе се склучи, но можно е да се склучи и средината на јануари и почеток на февруари, па поради тоа се обраќаме за согласност, да може во согласност со редовните активности за бизнис центарот, да се склучи Анекс на Договор за вработување на определено време се до добивање на Договорот за финансиска подршка од МЛС, но не подацна од 31.03.2023 година.

Претседателот отвори раправа по оваа точка од дневниот ред. Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата по оваа точка од дневниот ред и Предлог – Согласноста за склучување на Анекс на Договор за вработување на определено време / Известување за обезбедени финансиски средства ја стави на гласање. Праша кој е "ЗА". 7 членови на Советот гласаа ,,ЗА". Праша дали има Против. Претседателот констатира дека нема Против. Праша дали има Воздржани. Претседателот констатира дека нема Воздржани. Останатите присутни не се изјасниј а. Претседателот констатира дека со 7 гласа „ЗА" **е усвоена Предлог – Согласноста за склучување на Анекс на Договор за вработување на определено време.**

VII.Точка седум: Предлог – Годишен Акционен план за 2023 година за спроведување на спроведување на Програмата за развој на Источен плански регин 2021-2026

Претседателот ја повика Г-ѓа Зујица Ангелова да ја образложи точката. Г-ѓа Зујица Ангелова накратко го презентираше Предлог - Акциониот план за 2023 година за спроведување на спроведување на Програмата за развој на Источен плански регин 2021-2026, кој е дел од материјалите за седница на Советот. Истиот е изработен согласно Правилникот донесен од министерот за локална самоуправа.

Претседателот отвори раправа по оваа точка од дневниот ред. Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот Предлог – Годишниот Акционен план за 2023 година за спроведување на спроведување на Програмата за развој на Источен плански регин 2021-2026 го стави на гласање. Праша кој е "ЗА". 7 членови на Советот гласаа ,,ЗА". Праша дали има Против. Претседателот констатира дека нема Против. Праша дали има Воздржани. Претседателот констатира дека нема Воздржани. Останатите присутни не се изјасниј а. Претседателот констатира дека со 7 гласа „ЗА" **е донесен Годишниот Акционен план за 2023 година за спроведување на спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026.**

VIII.Точка осум: Разно

Претседателот праша дали некој ќе се јави за збор.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот констатира дека дневниот ред е исцрпен и посака среќни празници.

Претседателот ја прогласи за затворена осмата Седница.

Седницата заврши во 13:36 часот.

Прилог:

- Презентација по прва точка од дневен ред

Записничар:
Катерина Коцева

Совет за развој на Источен плански регион
Претседател
Љупчо Папазов

ПРОГРАМА ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ за 2023 година

ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ - КОНЦЕПТИ

ДЕКЕМВРИ 2022

ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ

- ЗАВРШЕНА ПРВА ФОРУМСКА СЕСИЈА
- РЕАЛИЗИРАНИ СОСТАНОЦИ СО ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ / ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ОПШТИНИТЕ
- ИДЕНТИФИКУВАНИ СЕ 5 ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТИ И ЕДЕН ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ ЗА ПОДГОТОВКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА.
- КРИТЕРИУМИ ЗА ПРЕД СЕЛЕКЦИЈА:
  - ГОТОВНОСТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА (ЗРЕЛОСТ)
  - РЕГИОНАЛЕН КАРАКТЕР
  - БУЏЕТ – ПОГОЛЕМ ОД 6.000.000 ДЕНАРИ

СЕЛЕКТИРАНИ ПРОЕКТНИ КОНЦЕПТИ

1. ИНСТАЛАЦИЈА НА ФОТОВОЛТАИЧНИ СИСТЕМИ НА ЈАВНИ ОБЈЕКТИ ВО ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

ОБЛАСТ	Животна средина - енергетска ефикасност (ЕЕ) и искористување на обновливите извори на енергија (ОИЕ)
ОПШТИНА	Штип, Карбинци, Кочани, Виница, Македонска Каменица

Со проектот се предвидува набавка и инсталација на фотоволтаични системи. Во сите опфатени општини ќе бидат инсталирани системи со инсталирана моќ од по 40kW, освен во Кочани каде ќе бидат инсталиран фотоволтаичен систем со инсталирана моќ од 210 kW и Македонска Каменица 160 kW. Вкупно ќе бидат инсталирани 370 kW.

- **Општина Штип -** поставување на фотоволтаици на филтер станица 40kW
- **Општина Карбинци –** поставување на фотоволтаици на филтер станица 40kW
- **Општина Кочани –** поставување на фотоволтаици на филтер станица, ... 210kW
- **Општина Виница –** општинска зграда 40kW
- **Општина Македонска Каменица –** градски пазар, куќа на спорт, дом на култура, КЈП 160kW

1. ИНСТАЛАЦИЈА НА ФОТОВОЛТАИЧНИ СИСТЕМИ НА ЈАВНИ ОБЈЕКТИ ВО ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Се очекува да се направат значајни заштеди кај објекти на кои се лоцирани овие системи со што ќе се намалат трошоците на општините/јавните претпријатија;

Финансиски средства по општина:

- 1.800.000,00 денари Штип, 2.712.136,00 денари Карбинци, 8.380.000,00 денари Кочани, 1.783.500,00 денари Виница и 11.700.000,00 денари Македонска Каменица

Кофинансирање:

- 180.000,00 денари Штип
- 178.350,00 денари Виница
- 2.340.000,00 денари Македонска Каменица

Буџет: 26.375.636,00 (23.677.286,00) денари

Кофинансирање: 2.698.350,00 денари

2. РЕГУЛАЦИЈА НА ДЕЛ ОД КОРИТОТО НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

ОБЛАСТ	ЖИВОТНА СРЕДИНА
ОПШТИНА	ДЕЛЧЕВО

- Проектот предвидува регулација на река Брегалница во делот кој поминува низ централното градско подрачје ВО ДОЛЖИНА ОД 230 МЕТРИ. Со регулацијата ќе бидат заштитени низа на објекти кои што се новоизградени.

- Поднесен е во рамките на Грантовата шема
- **Буџет: 21.511.000,00 денари**
- **Кофинансирање: 0 денари**

3. ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ПРЕКУ ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО С. СОКОЛАРЦИ II ФАЗА

ОБЛАСТ	ЖИВОТНА СРЕДИНА
ОПШТИНА	ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО

Со средства од ПРРР за 2019 година изградена е I (прва) Фаза од фекалната канализација и тоа Крак К1 со должина од 1163,55м, крак К2 со должина од 1229м, крак К4 со должина од 397,17м, крак К4-1 со должина од 116,18м и колектор од 419,14м (пред третман).

За да може системот да се пушти во функција потребно е да се доизградат останатите краци во селото и да се изгради пречистителна станица за прочистување на отпадните фекални води.

Резервен проект од претходниот повик.

- Буџет: 18.214.103,00 (16.228.309,00) денари
- Кофинансирање: 1.803.146,00 денари

4. ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

ОБЛАСТ	ТУРИЗАМ
ОПШТИНА	Зрновци и Виница

Предлог проектот предвидува подобрување на туристичка инфраструктура со цел збогатување на содржините за спорт и рекреација во општините Зрновци и Виница.

- Реконструкција на повеќенаменско спортско игралиште во село Мородвис, Општина Зрновци ..... 6.534.094,00 денари
- Осветлување на градски парк во општина Виница ..... 5.005.560,00 денари

- Буџет: 11.539.654,00 (11.039.098,00) денари
- Кофинансирање: 500.556,00 денари Виница

5. ЗБОГАТУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА НА РЕГИОНОТ

ОБЛАСТ	ТУРИЗАМ
ОПШТИНА	Штип, Пробиштип, Пехчево, Берово, Кочани

- ПРЕДЛОГ ПРОЕКТОТ ПРЕДВИДУВА:
  - Општина Пехчево локалитет Барски еко-систем Езерце – Трета фаза, партерно уредување, осветлување, хортикултура, водовод и канализација ..... **2.826.804,00 денари**
  - Општина Штип - Реконструкција на улици ул. „Никола Карев", ул. „Сане Малинов", ул „Ѓуро Ѓаковиќ", ул „Ѓуро Ѓаковиќ" – крак 1 и ул „Димитар Влахов" во Ново Село ..... **7.858.160,00 денари**
  - Општина Пробиштип – Изградба на рекреативен комплекс со уредување на излетнички места на локалитет Пишица ..... **8.500.000,00 денари**
  - Општина Берово - Изградба на пешачко-велосипедска патека на Беровско Езеро ..... **3.457.905,00 денари**
  - Изградба на мултинаменско игралиште на СРТЦ Пониква ..... **8.000.000,00 денари**

•Буџет: 30.642.869,00 (27.984.709,00) денари

•Кофинансирање 1.800.000,00 денари Општина Штип и 800.000,00 денари Општина Кочани

6. ИЗРАБОТКА НА ФИЗИБИЛИТИ СТУДИИ И ТЕХНИЧКИ ДОКУМЕНТАЦИИ

Физибилити студии	
1.	Изработка на физибилити студија за воспоставување на регионален стационар за бездомни кучиња во Источниот плански регион
Планска документација	
1.	Изработка на планска документација за Бањеолошки центар во село Бања **Општина Чешиново – Облешево**
Техничка документација	
1.	Изработка на техничка документација за пешачко-велосипедска патека долж река Брегалница 500 метри - **Општина Карбинци**
2.	Изработка на техничка документација за реконструкција на пристапен пат од општина Пехчево до туристичка населба Рамна Река (Бараки) Должина 12 км **Општина Пехчево**
3.	Изработка на техничка документација за реконструкција на пристапен пат од регионален пат до село Русиново, **Општина Берово**
4.	Изработка на техничка документација за пешачко-велосипедски патеки со пропратни содржини во село Блатец **Општина Виница**
5.	Изработка на техничка документација за изградба на инфраструктура на Пониква